Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-504/3

01-11-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 504/1 од 11.09.2023 година, поднесена од [redacted], Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија“ бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација бр. 08-504/1 од 11.09.2023 година од [redacted] **поради неуредност**.

О б р а з л о ж е н и е

[redacted] на 11.09.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација електронски достави претставка за заштита од дискриминација заведена под бр. 08-504/1.

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно не содржеше јасно наведени факти и околности врз кои се темели претставката, како и адреса на подносител на претставката, Комисијата согласно член 24 став 2 од истиот Закон, на 09.10.2023 година до подносителката преку електронска пошта достави Барање бр. 08-504/2 за доуредување на претставката. Со барањето подносителката беше задолжена во рок од 8 дена од приемот на барањето, да ја доуреди претставката согласно насоките во барањето.

Подносителката во предвидениот рок не ја доуреди претставката.

Од горенаведените причини се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател,

Игор Јадровски

*Доставено до:*

- [redacted]
- *Архива на Комсијата*